Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје**

## TEMPUS РАБОТИЛНИЦА

На 31.05.2007. во Ректоратот на Унив. ”Св. Кирил и Методиј” се одржа работилница на која беа изнесени резултатите од тековниот TEMPUS проект SCM – QAASNet, каде координатор е Машински факултет.

На работилницата свое излагање имаа проф. д-р. Славе Арменски и проф. д-р. Владимир Дуковски.

## ВТОР ЦИКЛУС ОБУКИ НА BSC

Во периодот од 02-23.06.2007 година, во Центарот за развој на нови бизниси се одржаа обуките од вториот циклус за натпреварот за најдобар бизнис план. Обуките кои се состојат од 10 тренинг модули од областа на менаџментот на малиот бизнис и претприемништвото ги поминаа 70 кандидати, со што се стекнаа со потребните знаења за изготвување на бизнис план. Кандидатите ќе ги доставуваат своите планови до 10-ти септември 2007, а промоцијата на најдобрите кандидати од вториот циклус ќе се одржи на првиот свечен час во октомври 2007 година.

## ЕКСПЕРТСКИ ФОРУМ

Во ректоратот на УКИМ во Скопје, на 07-08.06.2007г. се одржа 9-от Експертски форум “Предизвици и решенија за одржлив развој во земјите од ЦЕИ регионот: стратегиски прашања и примери од претпријатијата”.

На Експертскиот форум учествуваа сите институции и менаџери чија активност е поврзана со одржливиот развој на земјата.

## ПРЕДАВАЊЕ

Во рамките на своите активности здружениот оддел на IA/IE/PEL на Македонија, секција на ИЕЕЕ, на 11.06.2007 на МФС се одржа предавање под наслов: Снимање на објекти преку 3D ласерски скенер и создавање на CAD модели на згради, инсталации и машини. Предавањето го одржа господинот Стојан Тодоров од Бугарија.

## ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН - ИЗЛОЖБА

Во периодот од 11.06.2007 до 15.06.2007 во рамките на програмата: Предавања, презентации и изложби на Press to exit project space, за прв пат студентите од првите две студиски години од одделот за индустриски дизај на МФС имаа можност да ги претстават своите творби и сопственото гледиште на сегашните и идните индустриски производи. Изложбата беше конципирана од професорките Татјана Кандикјан и Софија Сидоренко.

## ПРЕДАВАЊА

Проф. Крис Лакор од Врије, Универзитетот во Брисел во периодот од 20-22.06.2007г. на МФ одржа предавања на тема “Introduction to Numerical Techniques and Basic CFD Methodology”.

Проф. Здравко Терзе од Факултетот за машинство и бродоградба од Загреб од 26-29.06.2007г. на МФ одржа предавања на тема “Analytical Mechanics Introduction to Computational Multi-Body Systems”.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА

На 13.06.2007г. на МФС фирмата ИСКАР од Израел изврши презентација за алати за обработка на материјали. Координатор на презентацијата беше доц. д-р. Г. Вртаноски.

## WEBLAB СЕМИНАР

На 06.07.2007г. на Машинскиот факултет, во рамките на TEMPUS SCM WEBLAB проектот се одржува семинар на тема: Macedonian HE model – ECTS and possibility for student’s mobility of national level, каде свои излагања имаат: проф. Франц Чуш од Машинскиот факултет во Марибор, проф. В. Дуковски, проф. Д. Рунчев и доц. В. Гечевска од Машинскиот факултет во Скопје.

## ОТВОРАЊЕ НА WEBLAB ЦЕНТАР

На 13-ти јули 2007 година во рамките на TEMPUS SCM WEBLAB проектот ќе се одржи завршен состанок и притоа во присуство на претставниците од контрактор институцијата Politehnico di Torino од Италија ќе се отвори WEBLAB центар за е-учење на МФ.

## МАСИТ ТРКАЛЕЗНА МАСА

Во организација на Стопанската Комора за информатички и комуникациски технологии - МАСИТ на 21.06.2007г се одржа тркалезна маса помеѓу Владата, ИТ секторот и високообразовните институции кои организираат студиски програми во областа на информациските технологии, каде беше претставен и Машинскиот факултет.

## JOHNSON CONTROLS ВРАБОТУВАЊА

На 15.06.2007г. американската компанија “Johnson Controls”, сопственикот на слободната економска зона “Бунарџик” стартуваше со реализација на првите вработувања во земјава. Инаку “Johnson Controls” во изминатите две години има деловна соработка со МФС и веќе кај младите студенти е создадено идното лидерство за потребите во зоната “Бунарџик”.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Славе Арменски на 19.06.2007г, во Грција присуствуваше на работен состанок со контракторот на Темпус проектот проф. д-р Константин Маргаритис од Универзитетот Македонија во Солун.
2. Проф. д-р Татјана Кандикјан од 31 мај до 2 јуни 2007г. во Србија учествуваше на работилници во рамки на проектот Академска обнова на Југоисточна Европа.
3. Проф. д-р Драги Данев и проф. д-р Милан Ќосевски на 11.06.2007г. во Словенија реализираа посета на Министерството за транспорт на Словенија каде се разменети мислења и техничка регулатива од областа на хомологација на возила.
4. Проф. д-р Милан Ќосевски и доц. д-р Дарко Данев на 12.06.2007г. во Србија земаа учество со свој труд на семинарот за мерна техника, во организација на техничко развојниот центар од Нови Сад.
5. Асс. м-р Ана Лазаревска реализира од 30 мај до 3 јуни 2007г. во Унгарија и од 17 до 22 јуни.2007г. во Шведска зеде учество на Меѓународни конференции.
6. Проф. д-р Зоран Пандилов од 4 до 24 јуни 2007г, во Хрватска изврши експериментални активности.
7. Вон. проф. д-р Алекса Малчески од 6 до 10.06.2007 година во Бугарија зема учество на Меѓународна конференција.
8. Пом. асс. м-р Даме Димитровски од 12 до 15.06.2007г. зема учество на Меѓународна конференција во Србија.
9. Проф. д-р Марко Серафимов од 9 до 16 јуни 2007г. во Бугарија, учествуваше на Меѓународната школа за компјутерско инженерство.
10. Доц. д-р Никола Тунески од 21 до 28.06.2007г. во Германија учествуваше на Меѓународна конференција.
11. Доц. д-р Ристо Филкоски од 20-23.06.2007г зеде учество на Меѓународниот научен собир, во Швајцарија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК
**05.07.2007**
**30 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИК ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
*Бисера Кајмакоска*
*Борис Рошков*

**Година 2007, јуни, број 62**

# Ф А К У Л Т Е Т С К И
# И Н Ф О Р М А Т О Р

## ВО ФОКУСОТ

Во тек е уписот на нови студенти.

Оваа година Машинскиот Факултет ги отвори вратите за 336 студенти за 4 годишните студии - академски профил и 150 студенти за 3 годишните студии - професионален профил. Во текот на двата дена предвидени за пријавување, се пријавија вкупно 434. Од нив 281 на академските од кои примени се 279 и 153, односно примени142 на професионалните студии.

Резултатите од досегашното работење како и промотивните активности се веќе видливи.

## НАГРАДА

Во периодот од 11 до 16.06.2007г. во Белград, Србија во организација на интернационалната гасна Унија со седиште во Лондон, Велика Британија и Здружението за гас се одржа Втората меѓународна конференција за развој во гасната индустрија.

М-р Даме Димитровски, во конкуренција на 60 автори од светот ја доби наградата за Презентиран научен труд од млад автор и парична награда за трудот “Ecological benefits of using the CNG in the City Bus Transport in Skopje”. Наградата му ја врачи г-от Питер генерален секретар на Интернационалната Гасна Унија, Сторм.